ЗАПИСНИК
од CLXV -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 18 ноември 2014 година со почеток во 9.30 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска, претставник на Стопанската комора на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Јосиф Трајковски, претставник на Стоматолошката комора на Македонија - член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Проф. Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Џемали Мехази, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Бранислава Катушевска раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Разгледување на барање од Специјалната болница за хируршки болести Филип Втори од Скопје;*

2. *Одлучување по акти од надлежност на директорот на Фондот кои не се потпишани од двете лица од кои се состои директорот:*
   - *Барање за објавување на јавен оглас за вработување и друга документација за вработувања во ПС Кичево, за три лица*
   - *Спогодби за превземање на работници без објавување на оглас во ПС Струга за едно лице*
3. *Разно.*

Директорот Мехази предложи на оваа седница во рамките на точката 2 да се разгледа и барањето на вработена во ПС Тетово, поради стапување во брак во Скопје да биде префрлена на работно место во Скопје.

Предлогот беше едногласно прифатен од Управниот одбор по што за работата на CLXV -та седница се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Разгледување на барање од Специјалната болница за хируршки болести Филип Втори од Скопје;*
2. *Одлучување по акти од надлежност на директорот на Фондот кои не се потпишани од двете лица од кои се состои директорот:*
   - *Барање за објавување на јавен оглас за вработување и друга документација за вработувања во ПС Кичево, за три лица*
   - *Спогодби за превземање на работници без објавување на оглас во ПС Струга за едно лице*
   - *Барање на вработена во ПС Тетово да биде префрлена на работно место во Скопје*
3. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред, по редоследот како што е забележано во записникот.

ТОЧКА 1 - *Разгледување на барање од Специјалната болница за хируршки болести Филип Втори од Скопје*

Објаснување по оваа точка на дневниот ред даде директорката Парнарџиева - Змејкова. Наведе дека во врска со барањето на Специјалната болница за хируршки болести Филип Втори од Скопје се предлага измена на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на на оваа болница за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2014 година. Соодветно на тоа се предлага и измена на Одлуката за договорниот надоместок за здравствените установи од кои се повлекуваат средствата, заради неостварениот вид и обем на здравствени услуги во првите три квартали на 2014 година, како и од неостварениот специфичен вид и обем на здравствени услуги во третиот квартал на 2014 година. Измената се однесува на утврдениот договорен надоместок за кардиохирургија и васкуларна хирургија за 2014 година, и соодветно на тоа и измена на вкупниот договорен надоместок за 2014 година.

Потоа подетални податоци даде Бранислава Катушевска.

По објаснувањето се разви дискусија во која учествуваа сите членовите на Управниот одбор при што расправаа за можностите за соодветно утврдување на висината на договорниот надоместок.

На крајот, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2014 година

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување договорните надоместоци на јавните здравствени установи за 2014 година

и

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Специјална болница по хируршки болести Филип Втори за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2014 година

Со овие одлуки надоместокот на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина од Скопје и на ЈЗУ Клиника за државна кардиохирургија се намалија а надоместокот на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори” се зголеми.

ТОЧКА 2 - *Одлучување по акти од надлежност на директорот на Фондот кои не се потпишани од двете лица од кои се состои директорот:*

- *Барање за објавување на јавен оглас за вработување и друга документација за вработувања во ПС Кичево, за три лица*
- *Спогодби за превземање на работници без објавување на оглас во ПС Струга за едно лице*
- *Барање на вработена во ПС Тетово да биде префрлена на работно место во Скопје*

Во рамките на втората точка на дневниот ред, согласно Законот за здравственото осигурување Управниот одбор одлучуваше за документи од надлежност на директорот на Фондот за кои не постоела согласност помеѓу двете лица од кои се состои директорот. Од разгледаните три барања, Управниот одбор го одобри барањето за објавување на јавен оглас за вработување и друга документација за вработувања во ПС Кичево, за три лица и заклучи претседателот на Управниот одбор да ги потпише документите во врска со тоа барање.

Потоа, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката 3 - Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 10.20 часот заврши со работата на CLXV -та седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски